# ЗЕЛС

ГЛАСИЛО

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# BNJVL

GAZETË

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SE MAQEDONISË



## СРЕДБА ЗЕЛС-ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## TAKIM BNJVL - QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË



11 2010



Почитувани,

И во текот на месец ноември ЗЕЛС реализираше низа активности, настани, работилници, посети, средби и конференции. Она што беше значајно за целата земја, но и за локалните власти, беше Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија, особено во областа на децентрализацијата, објавен на деветти ноември, 2010 година. Во него беше укажано дека е забележан напредок во децентрализацијата, при што се посочени и деловите каде треба да се вложат дополнителни напори за подобрување на состојбите. Токму во однос на дадените забелешки заинтересираност за натамошните чекори што ќе ги преземат локалните власти изрази евроамбасадорот Ерван Фуере, кој имаше средба со дел од раководството на ЗЕЛС каде се дискутираше за активностите што ЗЕЛС ќе ги преземе за надминување на овие состојби.

Од особено значење за општините, во месец ноември, беше и средбата на членовите на Управниот одбор и дел од претседателите на Комисиите во ЗЕЛС, со Претседателот и министрите од Владата на Република Македонија, одржана на 18 ноември 2010 година. Дискусијата се водеше по систематизираните ставови на ЗЕЛС од речиси сите области во надлежност на општините, при што се постигнаа и забележителни резултати, односно Владата прифати голем број од барањата на општините, но исто така изрази и подготвеност за прифаќање и на други барања, по претходно извршени анализи и консултации. Овој месец три општини добија позитивно мислење од Комисијата за следење на состојбите во Министерството за финансии за минување во втората фаза од фискалната децентрализација. Наскоро се очекува уште три општини да ги завршат потребните постапки за меѓуопштинска соработка, по што во првата фаза би останале уште пет општини кои главно се со блокирани сметки, но и тука ЗЕЛС прави континуирано напори и преговори со Министерството за финансии за што се очекува битен напредок.

Комисијата за урбанизам активно работеше на разгледување на пристигнатите забелешки од локалните власти за Законот за третман на бесправно изградените градби и беа испратени заклучоци до Министерството за транспорт и врски за завршниот предлог –текст. Во текот на овој месец се реализираше и вториот циклус на посети што ги вршат претставниците од ЗЕЛС тренинг центарот, по што ќе следи и сублимиран материјал кој треба да ги отслика барањата на локалната администрација за потребните теми и области за нивно надоградување. Во овој месец сите локални власти учествуваа во најмасовната акција за пошумување на нашата татковина, а 15 дрвца беа засадени и во административната зграда на ЗЕЛС, во „Куката на општините”. Во текот на овој месец се вршеа подготовките за седницата на Генералното собрание, највисокиот орган на ЗЕЛС, што ќе се случи на трети декември, кога ќе биде одбележана и петгодишнината од започнувањето на имплементација на децентрализацијата во нашата земја

За сите овие настани и за многу други активности на ЗЕЛС, ќе можете да прочитате во нашето и Ваше Гласило од месец ноември.

Со почит,
Душица Перишиќ
Извршен директор

Të nderuar,

Edhe në rrjedhat e muajit nëntor BNJVL realizoi aktivitete të shumta, ngjarje, punëtori, vizita, takime dhe konferenca. Ajo që ishte me rëndësi për gjithë vendin, por edhe për pushtetet lokale, ishte raporti i Komisionit Europian për përparimin e Republikës së Maqedonisë, veçanërisht në fushën e decentralizimit, i shpallur më nëntë nëntor, 2010. Në të ishte theksuar se është shënuar përparim në procesin e decentralizimit, me ç'rast janë theksuar edhe pjesët ku duhet të investohen përpjekje plotësuese për përmirësimin e situatës. Pikërisht lidhur me vërejtjet e dhëna interesim për hapat e mëtutjeshëm që do t'i ndërmarrin pushtetet lokale shprehu euroambasadori Ervan Fuere, i cili kishte takim me pjesë nga kryesia e BNJVL-së ku u diskutua për aktivitetet që BNJVL do t'i ndërmerr për tejkalimin e këtyre ngjarjeve.

Me rëndësi të veçantë për komunat, në muajin nëntor, ishte edhe takimi i anëtarëve të Bordit drejtues dhe një pjesë e kryetarëve të Komisioneve të BNJVL-së, me Kryetarin dhe ministrat nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë, e mbatjur më 18 nëntor 2010. Diskutimi përcillej sipas qëndrimeve të sistemarizuara të BNJVL-së, nga pothuajse të gjitha fushat në kompetencë të komunave, me ç'rast u arritën rezultate të dalluara, respektivisht Qeveria pranoi kërkesa të shumta të komunave por gjithashtu shprehu edhe përgatitje për pranimin e kërkesave tjera, pas analizave dhe konsultimeve paraprakisht të kryera. Këtë muaj tre komuna morrën mendim pozitiv nga Komisioni për pëcjelljen e gjendjeve në Ministrinë për financa për kalimin në fazën e dytë nga decentralizimi fiskal. Së shpejti pritet që edhe tre komuna t'i përfundojnë procedurat e nevojshme për bashkëpunim ndërkomunal, me ç'rast në fazën e parë do të mbesnin edhe pesë komuna të cilat kryesisht janë me llogati të bllokuara. Por edhe këtu BNJVL bën hapa të vazhdueshëm dhe negociata me Ministrinë për financa me ç'rast pritet avancim i rëndësishëm.

Komisioni për urbanizëm aktivisht punoi në shqyrtimin e vërejtjeve të arritura nga pushtetet lokale për Ligjin për trajtimin e ndërtimeve të ndërtuara pa leje dhe janë dërguar konkludime deri te Ministria për transport dhe lidhje për propozim-tekstim e përfunduar. Në rrjedhat e këtij muajit u realizua edhe cikli i dytë i vizitave që i kryejnë përfaqësuesit nga BNJVL qendra trajnuese, me çka do të vijon edhe material i sublimuar që do të duhet t'i pasqyron kërkesat e administratës lokale për temat dhe fushat e nevojshme për mbindërtimin e tyre. Në këtë muaj të gjitha pushtetet lokale morrën pjesë në aksionim më masovik për gjelbërimin e vendit tonë, dhe 15 drunjë u mbjellën edhe në ndërtesën administrative të BNJVL-së, në „Shtëpinë e komunave". Gjithashtu këtë muaj u kryen përgatitjet e seancës së Kuvendit gjeneral, organi më i lartë i BNJVL-së, që do të zhvillohet me tre dhjetor, ku do të jetë i shënuar edhe pesëvjetori nga fillimi i implementimit të decentralizimit në vendin tonë.

Për të gjitha këto ngjarje dhe për shumë aktivitete të tjera të BNJVL-së, do të mund t'i lexoni në Gazetën tonë dhe Tuajen nga muaji nëntor.

Me respekt,
Dushica Perishiq
Drejtor Ekzekutiv


ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

тел. +389 (0)2 30 99 033 / факс: +389 (0)2 30 61 994
ул. Женевска 66, п.фах 32, 1000 Скопје, Република Македонија
contact@zels.org.mk , www.zels.org.mk

Извршен директор на ЗЕЛС - Душица Перишиќ
Заменик извршен директор на ЗЕЛС - Ардита Дема
Уреднички колегиум - Весна Арсовска - Динковска, Виктор Арнаудовски
Дизајн и подготовка за печат - Европа 92
Печати - Европа 92

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË

tel. +389 (0)2 30 99 033 / fax: +389 (0)2 30 61 994
rruga. Zhenevska p.n., F.P. 32, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë
contact@zels.org.mk , www.zels.org.mk

Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së - Dushica Perishiq
Zëvendës drejtor ekzekutiv - Ardita Dema
Bordi redaktues - Vesna Arsovska - Dinkovska, Viktor Arnaudovski
Pergatitje per shtyp - Evropa 92
Shtyp - Evropa 92

# УПРАВНИОТ ОДБОР ГИ ПРЕЦИЗИРАШЕ СИСТЕМАТИЗИРАНИТЕ СТАВОВИ НА ЗЕЛС

# BORDI DREJTUES I PRECIZOI QËNDRIMET E SISTEMATIZUARA TË BNJVL-SË




Во речиси петчасовен дијалог, членовите на Управниот одбор на ЗЕЛС детално ги разгледаа систематизираните ставови на ЗЕЛС, што се предмет на разговор на средбата со Премиерот и министрите од Владата на Република Македонија, предвидена за 18 ноември 2010 година.

СИСТЕМАТИЗИРАНИТЕ СТАВОВИ на ЗЕЛС всушност претставуваат утврдени предлози и барања на локалните власти од земјава, кои произлегуваат од поголем број области, релевантни за квалитетно функционирање на локалната самоуправа: финансирање на општините, образованието, културата, урбанизмот и просторното планирање, руралниот развој, енергетиката, животната средина, рамномерниот регионален развој, комуналните дејности и друго. Овој документ се темели на заклучоците на комисиите на ЗЕЛС и на осумте професионални мрежи на општинската администрација. Направената предлог-листа од систематизираните ставови најнапред беше доставена до сите општини во земјата за истакнување на нивните забелешки и сугестии за подобрување на текстот. Пристигнатите сугестии беа интегрирани во документот, а на седницата, членовите на Управниот одбор уште еднаш ги разгледаа и ги прецизираа најзначајните делови од секоја област што ќе бидат образложени пред Владата. Се очекува поголем број од ставовите да бидат прифатени од централната власт, со што ќе се надминат одредени легислативни пречки во правец на зајакнување на функционирањето на локалните власти и поинтензивен развој на децентрализацијата во земјава.

Членовите на УО беа запознаени и со делот од извештајот на Европската комисија за напредокот на нашата земја, посветен на децентрализацијата. Дадените насоки и забелешки ќе помогнат во натамошното насочување на локалните власти за забрзување на развојот на децентрализацијата, при-

Gjatë dialogut që zgjati pothuajse pesë orë, anëtarët e Bordit drejtues të BNJVL-së rishikuan tërësisht qëndrimet e sistematizuara të BNJVL-së, që janë lëndë në takimin me Kryeministrin dhe ministrat e Qeverisë së Republikës së Maqedonisë,e parashikuar për 18 nëntor 2010. QËNDRIMET E SISTEMATIZUARA TË BNJVL-së në të vërtetë paraqesin një sërë propozimesh dhe kërkesash të caktuara të pushteteve lokale të vendit, që rrjedhin nga shumë fusha të rëndësishme për funksionimin e cilësisë së vetëqeverisjes lokale: financimi i komunave, arsimit, kulturës, planifikimit urbanistik dhe hapësinor, zhvillimin rural, energjinë, mjedisin jetësor, zhvillimin e barabartë rajonal, shërbimet komunale dhe më shumë. Ky dokument është i bazuar në konkluzionet e Komisioneve BNJVL-së dhe tetë rrjeteve profesionale të administratës komunale. Propozim – lista e bërë nga qëndrimet e sistematizuar u dërgua deri te të gjitha komunat në vend që t'i shprehin vërejtjet dhe sugjerimet e tyre për përmirësimin e tekstit. Sugjerimet e arritura u integruan në dokument, ndërsa në seancë anëtarët e Bordit drejtues edhe një herë i rishikuan dhe i precizuan pjesët më të rëndësishme të çdo fushe që do të jenë të arsyetuara para Qeverisë. Pritet që shumica e qëndrimeve të jenë pranuara nga pushteti qendrore, me ç'rast do të tejkalohen pengesat e caktuara e legjislative për funksionimin e pushteteve lokale dhe të zhvillimit intensiv të decentralizimit në vend. Anëtarët e Bordit drejtues u njohtuan edhe me pjesën nga raporti i Komisionit Evropian mbi përparimin e vendit tonë, i kushtuar decentralizimit. Dhe drejtimet e dhëna dhe vërejtjet do të ndihmojë në udhëzime të mëtejshme të pu-



мена и почитување на европските стандарди и подобрување на квалитетот на услугите на граѓаните.

Беше разгледан и дописот од Министерството за финансии, за состојбата на единаесетте општини кои се сè уште во првата фаза на децентрализацијата. Според евалуацијата на финансиските извештаи, пет општини се со блокирани сметки, а дел немаат потребен кадровски капацитет на општинската администрација. ЗЕЛС уште на претходната седница на УО, презеде иницијативи за надминување на оваа состојба во општините кои не ги задоволуваат кадровските критериум. На оваа седница Управниот одбор донесе заклучок да се свика заеднички состанок на градоначалниците кои се во првата фаза, со релевантни претставници од Министерството за финансии, каде подетално ќе бидат разгледувани сите можности за надминување на оваа состојба. Беше предложено да се разговара и за либерализирање на постапката при одобрувањето за подигање на комерцијални кредити од страна на општините за враќање на долговите или за реализација на поголеми инвестициони зафати, како и да се изнесе прашањето за отворање на можноста за издавање на општински обврзници.

На крајот од седницата, членовите на УО го дефинираа датумот, 3 декември 2010 година и дневниот ред за одржување на третата седница на Генералното собрание, највисокиот орган на ЗЕЛС.

shteteve lokale për të përshpejtuar zhvillimin e decentralizimit, zbatimin dhe respektimin e standardeve evropiane dhe përmirësimin e cilësisë së shërbimeve për qytetarët.

U shqyrtua edhe shkresa nga Ministria për Financa për gjendjen e njëmbëdhjetë komunave të cilat akoma janë në fazën e parë të decentralizimit. Sipas evaluimit të raporteve financiare pesë komuna janë me llogari të bllokuara dhe pjesë nuk kanë kapacitet përkatës kadrovik të administratës komunale. BNJVL që nga seanca e kaluar e BD morri iniciativë për tejkalimin e kësaj gjendjeje në komunat që nuk i kënaqin kriteret kadrovike. Në këtë seancë BD solli konkludim të thirrin mbledhje të përbashkët të kryetarëve që janë në fazën e parë, e përfaqësues relevant nga Ministria për financa ku më detajisht do të rishikohen të gjitha mundësitë për tejkalimin e kësaj situate. Ishte propozuar të bisedohet edhe për liberalizimin e procedurës gjatë përmirësimit për ngritjen e kredive komerciale nga ana e komunave për kthimin e borxheve ose për realizimin e përfshirjeve më mëdha investuese, si dhe të përmendet çështja për hapjen e mundësisë për dhënien e fletëobligacioneve komunale.

Në fund të seancës anëtarët e BD e definuan datën, 3 dhjetor 2010 dhe rendin e ditës për mbajtjen e seancës së tretë të Kuvendit gjeneral, organi më i lartë i BNJVL-së.

## МЕСЕЧНИ СРЕДБИ ЗА ПОГОЛЕМА ВЗАЕМНА ИНФОРМИРАНОСТ НА МЛС И ЗЕЛС

Претседателот на ЗЕЛС - Коце Трајановски и потпретседателите, Зоран Дамјановски и Изет Меџити, на осми ноември 2010 година, остварија работна средба со Министерот за локална самоуправа, Муса Џафери.

Целта на средбата беше взаемно информирање и воспоставување на нови и поуспешни форми на комуникација и соработка.

Претставниците на ЗЕЛС отворија повеќе прашања за дискусија, меѓу кои проблемот со недостатокот на финансиски средства за образованието, новиот предлог-закон за енергетика, проблемот се реализација на Законот за рамномерен регионален развој и недостаток на финансии за исполнување на одредбите од тој закон во однос на реализацијата на еден процент од ГДП, но разговараа и за проблемите за функционирањето на Центрите за регионален развој за кои не се исплаќа потребната сума за нивно активно функционирање.

Министерот Џафери истакна дека во досегашните законски решенија треба да се најде модел, во согласност со кој централната власт нема да може да им намалува самоиницијативно средства на општините и извести дека тие веќе работат на изнаоѓање на такво решение.

На крајот од средбата беше договорено во иднина претставниците на ЗЕЛС и Министерот за локална самоуправа да организираат месечни средби, на кои взаемно ќе се информираат за своите активности од значење за адекватно функционирање на локалните власти и развој на децентрализацијата во земјата.

## TAKIME MUJORE PËR INFORMIM MË TË MADH RECIPROK TË MVL DHE BNJVL-SË

Kryetari i BNJVL-së, Koce Trajanovski dhe nënkryetarët Zoran Damjanovski dhe Izet Mexhiti, më tetë nëntor, 2010 realizuan takim punues me ministrin për vetëqeverisje lokale, Musa Xhaferi.

Qëllimi i takimit ishte informimi reciprok dhe vendosja e formave të reja dhe të suksesshme të komunikimit dhe bashkëpunimit.

Përfaqësuesit e BNJVL-së hapën një sërë çështjesh për diskutim, midis të cilave edhe problemin me mungesën e mjeteve financiare për arsim, Propozim-Ligjin e ri për energjetikë, problemin me realizimin e Ligjit për zhvillim të barabartë rajonal dhe mungesën e financave për plotësimin e dispozitave nga ky Ligj lidhur me realizimin e një përqindjes nga GDP, por biseduan edhe për problemet për funksionimin e Qendrave për zhvillim rajonal me të cilat nuk paguhet shuma e duhur për funksionimin aktiv të tyre.

Ministri Xhaferi theksoi se në aktvendimet e deritanishme ligjore duhet të gjendet model, konform të cilit pushteti qëndror nuk mund t'ua zvogëlojë me vetiniciativë mjetet komunave dhe lajmëroi se ata tash më punojnë për gjetjen e një zgjidhjeje të tillë.

Në fund të takimit u dakorduan që në të ardhmen përfaqësuesit e BNJVL-së dhe ministri për vetëqeverisje lokale të organizojnë takime mujore, në të cilat në mënyrë të ndërsjelltë do të informohen për aktivitetet e tyre të rëndësishme për funksionim adekuat të pushteteve lokale dhe zhvillimin e decentralizimit në vend.

# СРЕДБА НА ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ЗЕЛС СО ЕВРОАМБАСАДОРОТ ФУЕРЕ

На 18 ноември 2010 година, во просториите на ЗЕЛС, евроамбасадорот Н.Е Ерван Фуере имаше средба со претседателот на ЗЕЛС, Коце Трајановски, потпретседателот Изет Меџити и Извршниот директор Душица Перишиќ, на која се дискутираше за последниот извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија, во делот на децентрализацијата.Специјалниот претставник и шеф на Делегацијата на ЕУ во нашата земја, изрази задоволство од развојот на локалните власти во земја, при што се интересираше за ставовите и за натамошните активности на ЗЕЛС за надминување на посочените слабости во овој документ. Евроамбасадорот се задржа на забелешките кои се однесуваа за потребата од зајакнување на административните капацитети, особено во деловите за јавни набавки, за менторирање и собирање на данок на имот и за вршењето на финансиска контрола во општината. Заинтересираност имаше и за натамошните чекори во надминувањето на слабостите за обезбедувањето на поголема транспарентност при донесувањето на одлуките, особено во доменот на распределбата на грантовите од централната власт, а се дискутираше и за можностите за поддршка на единаесетте општини кои сè уште се наоѓаат во првата фаза од децентрализацијата. Претставникот од Европската унија беше заинтересиран и за активностите на Комисиите за односи меѓу заедниците, потоа за напредокот за исполнување на законската обврска за обезбедување на 1% од БДП од страна на централната власт за рамномерен регионален развој и за напредокот на донесувањето на Законот за градежно земјиште.

Претставниците од ЗЕЛС изразија задоволство од констатациите во извештајот за процесот на децентрализацијата кај нас, при што укажаа дека се свесни за потребата од надоградување и развивање на истиот. Претседателот на ЗЕЛС, Коце Трајановски, истакна дека



локалните власти постигнале напредок во обезбедувањето на административни капацитети кои ќе ги извршуваат локалните надлежности, но дека секогаш има простор за нивно континуирано надоградување. Тој истакна дека ЗЕЛС и во овој домен максимално е концентриран на обезбедувањето на адекватни обуки за општинската администрација кои се реализираат преку ЗЕЛС тренинг центарот. Особено што преку постоечките 13 комисии во ЗЕЛС и 8-те стручни мрежи на општинска администрација, ЗЕЛС тренинг центарот изворно се информира за актуелните потреби за надоградување, што ќе го надополни по завршувањето на циклусот на посети на сите 85 ЕЛС од каде ќе бидат детектирани потребите за најнови обуки. Беше потенцирано дека ЗЕЛС организира обуки за локалната администрација од самиот почеток на имплементирање на децентрализацијата, а само во 2010 година, преку ЗТЦ реализирани се обуки за 1000 претставници од локалната власт. Претседателот на ЗЕЛС ја потенцира и соработката на ЗЕЛС со централната власт во однос на постепено разрешување и надминување на сите прашања кои обезбедуваат развој на процесот на децентрализацијата. Истакна дека ЗЕЛС ги сублимира проблемите и потребите за развој на овој процес и потоа во вид на систематизирани ставови, утврдени за сите значајни области од децентрализацијата и ги доставува на Владата на РМ. По овие ставови се дискутира на средби на претставници на ЗЕЛС со одделни министри но и со Премиерот и Владата. Претставникот на ЕУ во нашата земја, беше информиран дека според Комисијата за следење на капацитетите на ЕЛС за влез во втората фаза од децентрализацијата, нови три општини ги исполниле условите, што значи дека уште осум општини остануваат во прва фаза. Пет од овие општини имаат блокирани сметки за кои ЗЕЛС е во преговори со Министерството за финансии да им овозможи десетгодишни бескаматни заеми за исплата на долговите. Беше изразено задоволство од формирањето на осумте центри за развој на планските региони и заживувањето на нивните активности, а во однос на исполнувањето на законската обврска за обезбедување на 1% од БДП локалната власт, беше истакнато дека ЗЕЛС и натаму бара нејзино исполнување од страна на централната власт. ЗЕЛС реализира голем број активности и во конституирањето, но и развивањето на активностите на Комисиите за односи меѓу заедниците во обезбедувањето на статутарни измени во општините со цел обезбедување на нивна легитимност. Европретставникот Фуере беше запознаен дека донесувањето на законот за градежно земјиште е во завршна фаза. Дека се реализирани поголем број средби на претставници од локалната власт со претставници од Министерството за транспорт и врски, од што произлегува фактот што во конечната верзија се прифатени поголем број на забелешки од ЗЕЛС, како што е прифаќањето за скратување на предложениот рок за стартување на имплементацијата. Конечната верзија ќе биде разгледувана и од Собранието на РМ, каде ЗЕЛС исто така ќе лобира за своите ставови преку Комисијата за локална самоуправа.

На крајот на средбата, претседателот на ЗЕЛС, Коце Трајановски, го покани евроамбасадорот Фуере на конференцијата што ќе се организира на 3 декември 2010 година по повод одбележувањето на петте години од имплементација на децентрализацијата во нашата земја.

# TAKIM I PËRFAQËSUESVE TË BNJVL-SË ME EUROAMBASADORIN FUERE

Më 18 nëntor 2010, në hapësirat BNJVL-së, euroambasadori E.T. Ervan Fuere u takua me kryetarin e BNJVL-së Koce Trajanovski, nënkryetarin Izet Mexhiti dhe drejtorin ekzekutiv Dushica Perishiq, ku u diskutua për Raportin e fundit të Komisionit Evropian për përparimin e Republikës së Maqedonisë në fushën e decentralizimit. Përfaqësuesi Special dhe Shef i Delegacionit të BE-së në vend, shprehu kënaqësinë nga zhvillimi i pushteteve lokale në vend, me ç'rast u interesua për qëndrimet dhe aktivitetet e ardhshme të BNJVL-së për tejkalimin dobësitë të përmendura në këtë dokument. Euroambasadori i BE-së u përqëndrua në vërejtjet që kanë të bëjnë me nevojën e forcimit të kapaciteteve administrative, sidomos në pjesën e furnizimeve publike, për mentorimin dhe mbledhjen e tatimit të pronës dhe për kryerjen e kontrollit financiar në komunë. Interesim kishte edhe për hapat e mëtejshëm në tejkalimin e dobësive për sigurimin e transparencës më të madhe gjatë marrjes së vendimeve, veçanërisht në fushën e shpërndarjes së granteve nga pushteti qëndror, dhe diskutuan edhe për mundësitë për përkrahjen e 11 komunave të cilat ende janë në fazën e parë të decentralizimit. Përfaqësues nga Bashkimi Evropian u interesua edhe për aktivitetet e Komisioneve për marrëdhëniet midis bashkësive, pastaj për avancimin e plotësimit të obligimit ligjor për të siguruar 1% të PBV-së nga pushteti qendror për zhvillimin rajonal dhe përparimin e miratimit të ligjit për tokë ndërtimore .

Përfaqësuesit e BNJVL-së u shprehën kënaqëso nga konstatimet në në Raportin për procesin e decentralizimit tek ne, me ç'rast theksuan se janë të vetëdijshëm për nevojën për avancimin dhe zhvillimin e tij. Kryetari i BNJVL-së Koce Trajanovski, theksoi se pushtetet lokale kanë përparuar në sigurimin e kapaciteteve administrative që do t'i kryejnë kompetencat lokale, por gjithmonë ka hapësirë për përmirësimin e vazhdueshëm të tyre. Theksuan se BNJVL edhe në këtë fushë në mënyrë maksimale i është përqëndruar sigurimit të trajnimeve adekuate për administratën komunale që janë realizuar përmes BNJVL-Qendrës së Trajnimeve. Veçanërisht që përmes 13 komsioneve ekzistuese të BNJVL-së dhe 8 Rrjetet profesionale të administratës komunale, BNJVL – Qendra e Trajnimieve burimisht informohet për nevojat aktuale për mbindërtim, që do

## ОД ИЗВЕШТАЈОТ НА ЕК ЗА НАПРЕДОКОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ОБЛАСТА НА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈАТА, објавен на 09 ноември 2010 година

Процесот на децентрализација, кој е и основен принцип од Охридскиот рамковен договор, продолжува и понатаму. Меѓуресорната работна група за децентрализација се состанува редовно. Програмата и Акцискиот план за имплементација на децентрализацијата 2008-2010 е ажурирана. Нови 6 од 85 општини влегоа во втората фаза на децентрализација. Ова покажува дека трансферот на надлежностите и финансиското управување се овозможени на локално ниво. Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа беше изменет и се зголеми процентот на ДДВ за општините од 3% на 4,5% за периодот 2010-2013. Стратегијата за пренесување на управувањето со државното земјиште на општините ќе биде финализирана до 2011 година. Програмите за градење на капацитетите , кои ќе овозможат зајакнување на капацитетите на општините во областа на даноците на имот, човечки ресурси и финансиска контрола, се имплементирани. Единици за финансиско работење беа основани во седум општини. 48 општини воспоставија единици за внатрешна ревизија или имаат ангажирано внатрешен ревизор и повеќето од нив веќе работат. Човечките капацитети за управување со ЕУ фондови во рамките на Министерството за локална самоуправа се зголемени.

Сепак, неопходен е брз напредок во исполнувањето на целите од процесот на децентрализација, кој треба да го поттикне Министерството за локална самоуправа.

Министерството за финансии треба да ги зајакне своите капацитети за подготовка на политики кои ќе ги решаваат прашањата поврзани со буџетирањето во локалните единици. Меѓуресорната комисија за мониторирање на финансирањето на општините се состанала само еднаш. Транспарентноста и координацијата на средствата наменети за финансирање на општински проекти треба значително да се зајакнат во согласност со принципите на рамномерен регионален развој.

11 општините кои остана во првата фаза на децентрализација имаат значителни долгови или недостаток од финансиски капацитет. Дополнителни напори треба да се направат за да се подготват истите за преминување во втора фаза на децентрализација.

Блокираните сметки сѐ уште се проблем како за општини кои се во прва, така и за општини влезени во втора фаза на децентрализација.

Механизми со кои ќе се намали значителната разлика во испораката на услуги за граѓаните се ограничени, а тоа доведува до голема обесправеност на малите и рурални општини. Некои општини покажуваат слаб капацитет во мониторирањето или собирањето на данокот на имот. Забележани се и административни тесни грла при обидите за отворање на нови училишта. Услугите во делот на социјалната грижа остануваат да се децентрализираат. Рамената на податоци меѓу Катастарот, Управата за јавни приходи, Централен регистар и општините треба допрва да се зајакнува.

Потребно е да се направат значителни дополнителни напори на централно и локално ниво за зајакнување на административните капацитети во општините. Ова особено се однесува на работата со финансиската контрола, стратешкото планирање, управување со човечки ресурси и економскиот развој. Државниот завод за ревизија објави бројни недостатоци во примената на стандардите за финансиска контрола и правилата за јавни набавки, како и недоволното применување на претходните препораки. Има мал напредок во спроведувањето на годишните програми за обука на систематски начин. Следењето и оценување на перформансите на вработените треба значително да се зајакне за да има правично претставување.

Постои загриженост за незаконски отпуштања поради политички причини.

Генерално, владината коалиција продолжува да биде стабилна и да ги надминува разликите преку соработка. Таа продолжува да ги придвижува реформските процеси кон ЕУ. Сепак, потребно е повеќе дијалог околу прашањата за меѓуетничките односи. Дополнителни напори се потребни за придвижување на процесот на децентрализација напред. Финансиската рамка за испорака на локалните услуги треба да биде потранспарентна и правична.

të plotësohet pas një seri vizitash në të gjitha 85 NJVL prej ku do të detektohen nevojat për trajnim. U potencua që BNJVL të organizojë trajnime për administratën lokale nga fillimi i implementimit të decentralizimit, ndërsa vetëm në 2010, përmes BQT u realizuan trajnime për 1000 përfaqësues të pushtetit lokal. Kryetari i BNJVL-së e potencoi edhe bashkëpunimin e BNJVL-së me pushtetin qëndror lidhur me zgjidhjen dhe tejkalimin gradual të të gjitha çështjeve të cilat sigurojnë zhvillim të procesit të decentralizimit. Theksoi se BNJVL i sublimon problemet dhe nevojat e zhvillimit të këstij procesi dhe pastaj në formë të qëndrimeve të sistematizuara, të përcaktuara për të gjitha fushat e rëndësishme të decentralizimit, i parashtron në Qeverinë e RM. Në bazë të kytëre qëndrimeve diskutohet në takimet e përfaqësuesve të BNJVL-së me ministra të caktuar por edhe me Kryeministrin dhe Qeverinë. Përfaqësuesi i BE-së në vend, është informuar se në bazë të Komisionit për ndjekje të kapaciteteve të NJVL për hyrje në fazën e dytë të decentralizimit, tri komuna të reja kanë përmbushur kushtet, që do të thotë se edhe tetë komuna kanë mbetur në fazën e parë. Pesë nga këto komuna kanë llogari të bllokuara për të cilat BNJVL është në negociata me Ministrinë për financa për t'u mundësuar të marrin hua pa kamatë për 10 vite për pagesën e borxheve. U shpreh kënaqësi për formimin e tetë qendrave për zhvillim të rajoneve planifikuese dhe ringjalljen e aktiviteteve të tyre, ndërsa lidhur me plotësimin e obligimit ligjor për të siguruar 1% të PBV-së nga pushtetit lokal, e theksua se BNJVL akoma kërkon përmbushjen e saj nga ana e pushtetit qëndror. BNJVL realizoi aktivitete të shumta në konstituimin dhe zhvillimin e aktiviteteve të Komisioneve për marrëdhënie midis bashkësive në sigurimin e ndryshimeve statutore në komuna për të siguruar legjitimitetin e tyre. Evropërfaqësuesi Fuere u informua se miratimi i ligjit për token ndërtimore është në fazë përfundimtare, se janë ralizuar takime të shumta me të përfaqësuesve pushtetit lokal me përfaqësuesit e nga Ministrisë për transport dhe lidhje, prej ku rrjedh edhe fakti që në varsionin përfundimtar janë pranuar një numër i madh vërejtjesh nga BNJVL, siç është pranimi për afatin e shkurtuar të propozuar për fillimin e implementimit . Version përfundimtar do të shqyrtohet edhe nga Parlamenti i R.M., ku BNJVL do të lobojë gjithashtu për pikëpamjet e saja nëpërmjet Komisionit për vetëqeverisje lokale.

Në fund të takimit, kryetari i BNJVL-së Koce Trajanovski e ftoi euroambasadorin Fuere në Konferencë që do të organizohet më 3 dhjetor, 2010 me rastin e shënimit të pesë viteve nga implementimi i decentralizimit në vendin tonë.

# NGA RAPORTI I KE PËR AVANCIMIN E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË NË FUSHËN E DECENTRALIZIMIT, i shpallur më 09 nëntor,2010

Procesi i decentralizimit që është një parim bazë i Marrëveshjes Kornizë të Ohrit vazhdon edhe më tej. Grupit punues i ndëresorit për decentralizim mban mbledhje rregullisht. Programit dhe Plani Aksional për implementimin e decentralizimit 2008-2010 është azhuruar. 6 nga 85 komuna të reja kanë hyrë në fazën e dytë të decentralizimit. Kjo tregon se transferimi i kompetencave dhe të menaxhimit financiar është mundësuar në nivel lokal. Ligji për financim të njësive të vetëqeverisjes lokale është ndryshuar dhe është rritur përqindja e TVSH-së për komunat nga 3% në 4.5% për periudhën 2010-2013. Strategjia e transferimit të menaxhimit të tokës shtetërore në komunat do të finalizohet deri në vitin 2011. Programet për ndërtimin e kapaciteteve janë implementuar që do të mundësojnë përforcimin e kapaciteteve komunale në fushën e tatimeve të pronës, burimet njerëzore dhe të kontrollit financiar. Njësitë për punë financiare u krijuan në shtatë komuna. 48 komuna kanë themeluar njësitë për revizion të brendshëm ose kanë angazhuar revizor të brendshëm dhe shumica e tyre tashmë punojnë. Kapacitetet njerëzore për menaxhimin me fondet e BE-së në kuadër të Ministrisë së vetëqeverisjes lokale janë rritur. Megjithatë, është i domosdoshëm përparim i shpejtë në plotësimin e qëllimeve nga procesi i decentralizimit që duhet t'a nxisë Ministria për vetëqeverisje lokale.

Ministria për financa duhet t'i përforcojë kapacitetet e saja për përgatitjen e politikave të cilat duhet t'i zgjidhin problemet lidhur me buxhetimin e njësive lokale. Komisioni ndërresorik për monitorim të financimit të komunave janë mbledhur vetëm një herë. Transparenca dhe koordinimi i mjeteve të dedikuara për financimin e projekteve komunale duhet të përforcohen shumë konfrom principeve të zhvillimit të barabartë rajonal.

11 komuna të cilat ngelën në fazën e parë të decentralizimit kanë borxhe tejet të mëdha ose mungesë të kapaciteteve financiare. Përpjekje plotësuese duhet të bëhen që të përgatiten të njejtat për kalimin në fazën e dytë të decentralizimit.

Llogaritë e bllokuara akoma janë problem si për komunat në fazën e parë, ashtu edhe për ato që kanë hyrë në fazën e dytë të decentralizimit.

Mekanizmat me të cilat do të zvogëlohet ndryshimi i madh në dërgesën e shërbimeve për qytetarët janë të kufizuara, ndërsa kjo çon drejt padrejtësisë së madhe të komunave të vogla dhe rurale. Disa komuna tregojnë kapacitet të dobët në monitroimin ose mbledhjen e tatimit të pronës. Janë vërejtur edhe kanale të ngushta administrative gjatë orvatjeve për hapjen e shkollave të reja. Shërbimet në pjesën e kujdesit social ngelen të decentralizohen. Shkëmbimi i informacioneve midis Kadastrit, Drejtorisë për të hyra publike dhe Regjistrit qëndror dhe komunva duhet të përforcohet.

Është e nevojshme të bëhen përpjekje plotësuese në nivel qëndror dhe lokal për përforcimin e kapaciteteve administrative në komunë. Kjo veçanërisht ka të bëjë me punën e kontrollit financiar, planifikimin strategjik, menaxhimin me resurset njerëzore dhe zhvillimin ekonimik. Enti shtetëror për revizion shpalli mangësi të shumta në zbatimin e standardeve për financim dhe kontrollë dhe rregullat për furnizime publike, si dhe zbatimi i pamjaftueshëm i rekomandimeve paraprake. Ka përaparim të vogël në zbatimin e programeve vjetore për trajnim të mënyrave sistemore. Ndjekja dhe vlerësimi i performansave të të punësuarve duhet të përforcohet që të ketë paraqitje të drejtë.

Ekziston shqetësim lidhur me largimet e paligjshme nga puna për shkak të arsyeve politike.

Në përgjithësi, koalicioni qeveritar vazhdon të jetë stabile dhe t'i tejkalojë dallimet përmes bashkëpunimit. Ajo vazhdon të lëviz drejt proceseve reformuese ndaj BE-së. Janë të nevojshme përpjekje plotësuese për të lëvizur përpara procesi i decetralizimit. Korniza kohore për dërgesë të shërbimeve lokale duhet të jetë më transparente.

# ЗЕЛС СО НОВИ ПРЕДЛОЗИ И НА ПОСЛЕДНАТА ВЕРЗИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ТРЕТМАН НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИТЕ ГРАДБИ

На 17 ноември, во просториите на ЗЕЛС, Комисијата за урбанизам и просторно планирање при ЗЕЛС, одржа состанок на кој беше разгледана последната верзија на Законот за третман на бесправно изградените градби и Извештајот од реализираниот проект за поедноставување на постапката за издавање на одобренија за градење во Република Македонија во согласност со договорот за соработка со Меѓународната финансиска корпорација, членка на групацијата Светска банка (ИФЦ).

por këtë herë nuk ka asnjë mundësi të tillë. Kemi diskutuar situatën në lidhje me marrjen e vendimeve të rëndësishme ligjore për legalizimin e objekteve të ndërtuara ilegalisht, si edhe ligjit të tokës për të cilat Qeveria shprehu kënaqësi nga bashkëpunimi me BNJVL-në dhe se së shpejti propozimet legjislative pritet të aporvohen para parlamentit për debat. Presidenti i BNJVL-së Koce Trajanovski ka deklaruar gatishmërinë e pushteteve lokale të aktivizohen brenda gjashtë muajve, deri më 1 korrik 2011 komunat të përgatiten dhe të marrin përgjegjësinë për tjetërsimin e tokës ndërtimore në pronësi të shtetit. Takimi përfundoi me një dëshirë të përbashkët për të vazhduar bashkëpunimin në forcimin e procesit të decentralizimit dhe të përmirësimit të shërbimeve për qytetarët.

## PJESË E PRANUAR NGA KËRKESAT E KOMUNAVE RURALE

Pjesë e qëndrimeve të sistematizuara të BNJVL-së në zhvillimin rural, përfaqësues nga Qeveria pranuan, për pjesë informuan se plotësisht do të japin deklaratë pas analizave të duhura të mëtejshme. Ministri i Bujqësisë, Pylltarisë dhe Administrimit të Ujërave, Lupço Dimovski, u deklarua në përcaktimin e programeve kombëtare për të mbështetur dhe zhvilluar, në bashkëpunim të ngushtë me BNJVL do të përcakton kriteret dhe arsyet e dhënë përparësi për komunitetet e rrezikuara financiare bazuar në fshat. U pranua edhe kërkesa për përfshirjen e drejtpërdrejtë të një përfaqësuesi nga komuna në komisionin e duhur në procesin e menaxhimit dhe ndarjen e tokës bujqësore shtetërore nga ana e Republikës, apo prirje, me qira duke siguruar dhe forma të tjera të menaxhimit, dhe se së shpejti do të merret një kornizë ligjore e duhur. U pranua edhe kërkesa për njoftimin e rregullt të shtetit të lëshuar tokat bujqësore të dhëna me qira komunës, dhe njoftimi i dhënë me koncesion për secilën komunë veç e veç, i cili do të lejojë komunat të kenë një vështrim në të dhënat dhe koordinim më të madh dhe kontroll mbi përdorimin e tokës bujqësore si dhe mundësi për planifikim afatgjatë të zhvillimit të zonës ku janë miratuar veçmas edhe kërkesa të tjera, ndërsa përgjigje shtesë pritet të kërkojë në të ardhurat personale nga tokë bujqësore në mënyrë të plotë (100%) të jenë të ardhurat e komunës ose të trajtohet si një veprimtari zejtare. Sqarime shtesë do të jenë në dispozicion sipas kërkesës që BNJVL për përcaktimin e bazës ligjore në të cilat komunat do të fitojë të drejtën për të menaxhuar me tokat bujqësore, kullotave dhe pyjeve për nevojat e zhvillimit rural dhe të bujqësisë, dhe për të transferuar këtë të drejtë, komunave që do të jepet për menaxhimin e tokës bujqësore është i fragmentuar në dy hektarë. Përgjigje plotësuese pritet edhe për kërkesën për fondet e pranuara nga qiraja e tokës bujqësore dhe të kullotave, si dhe mjetet e pranuara nga tarifat e koncesionit për gjuetis, peshkimi, etj do të shpërndahen në raport 20% - 80% në favor të komunave.

## НАЈАВИ / PARALAJMËRIME:

### Трета седница на Генералното собрание на ЗЕЛС

На трети декември 2010 година, во хотел „Радика" во Маврово, со почеток од 14.30 часот, ќе се одржи третата седница на Генералното собрание на ЗЕЛС. На седницата ќе се дискутира за проблемите и за постигнатите резултати на ЗЕЛС во 2010 година, како и за насоките на понатамошното успешно функционирање на ЗЕЛС. На седницата ќе се усвојува буџетот на Заедницата за 2011 година со Акциониот план, а на дневен ред ќе биде и точката за зголемување на членарината за што ќе биде понудена и методологија за пресметка на истата. Во согласност со член 14, став 4 од Статутот на ЗЕЛС, градоначалниците на единиците на локалната самоуправа по функција се делегати на Генералното собрание на ЗЕЛС, а Претседателите на Советите нивни заменици. Завршните подготовки за оваа седница, Управниот одбор на ЗЕЛС ќе ги дефинира на дванаесеттата седница на УО на ЗЕЛС, што ќе се одржи на втори декември 2010 година.

### Seanca e tretë e Kuvendit Gjeneral të BNJVL-së

Më 3 dhjetor, 2010, në Mavrovë, në hotelin ,,Radika" me fillim në ora 14.30 do të mbahet seanca e tretë e Kuvendit general të BNJVL-së. Në seancë do të diskutohet për problemet dhe për rezultatet e arritura të BNJVL-së në vitin 2010, si dhe për drejtimet e funksionimit të mëtejmë të suksesshëm të BNJVL-së. Në seancë do të miratohet Buxheti i Bashkësisë për vitin 2011 me Planin Aksional, ndërsa në rend dite do të jetë edhe pika për rritjen e anëtarësimit me ç'rast do të ofrohet edhe metodologjia për kalkulimin e së njejtës. Konform nenit 12, paragrafi 4 i Statutit të BNJVL-së, kryetarët e njësive të vetëqeverisjes lokale me funksion janë delegatë të Kuvendit Gjeneral të BNJVL-së, ndërsa Kryetarët e Këshillave, zëvendës të tyre. Përgatitjet përfundimtare për këtë seancë, Bordi drejtues i BNJVL-së do t'i definojë në seancën e dymbëdhjetë të BD të BNJVL-së, që do të mbahet më 2 dhjetor, 2010.

### Одбележување на петгодишнината од имплементација на децентрализацијата во земјава

На трети декември 2010 година, во хотел „Радика", Маврово, претпладне, со почеток во 10 часот, ЗЕЛС со поддршка на ОБСЕ, ќе ја организира традиционалната конференција со која ќе се одбележи петгодишнината од имплементирањето на процесот на децентрализацијата во Република Македонија. На конференцијата ќе бидат поканети сите градоначалници, Министерот за локална самоуправа, Муса Џафери, Заменик-претседателот на Владата на Република Македонија, Абдулаким Адеми, амбасадори и други високи претставници од меѓународни организации присутни во нашата земја и медиуми. Пред присутните ќе бидат презентирани резултатите од анкетите и анализите што ги спроведе Секретаријатот за имплементација на Охридскиот рамковен договор како и презентација на извештајот „Децентрализација 2005-2010 година, постигнувања и предизвици", подготвена од Центарот за истражување и креирање политики –ЦРПМ.

### Shënim i pesëvjetorit nga implementimi i decentralizimit në vend

Më 3 dhjetor, 2010, në Mavrovë, në hotelin ,,Radika", paradite me fillim në ora 10, BNJVL me përkrahje të OSBE-së, do t'a organizojë Konferencën tradicionale me të cilën do të shënohet pesëvjetori nga implementimi i procesit të decentralizimit në Republikën e Maqedonisë. Në Konferencë do të ftohen të gjithë kryetarët e komunave, ministri për vetëqeverisje lokale Musa Xhaferi, zëvendës kryeministri, Abdylaqim Ademi, ambasadorë dhe përfaqësues tjerë të lartë nga organizatat ndërkombëtare të pranishme në vendin tonë, mediat. Në Konferencë do të prezentohen rezultatet nga anketat dhe analizat që i zbatoi Sekretariati për implementimin e Marrëveshjes Kornizë të Ohrit si dhe prezentimi i raportit ,,Decentralizimi 2005-2010, arritjet dhe sfidat" i përgatitur nga Qendra për hulumtim dhe krijim të politikave – CRPM.

### Конференција „Развивање на пазарот на капитал за општините во Македонија"

На 07 декември 2010 година, на Скопски саем ќе се одржи Конференција „Развивање на пазарот на капитал за општините во Македонија", во организација на УСАИД, Министерството за финансии и ЗЕЛС, на која ќе се разговара за издавање на општинските обврзници, како и за постапките за добивање комерцијални кредити за развој, каде претставниците од локалните власти ќе можат да ги изнесат своите мислења и сугестии за овој процес. Вицепремиерот и Министер за финансии, Зоран Ставрески, на средбата во ЗЕЛС изрази надеж дека веќе во април Македонија ќе ја има првата општина со издадени обврзници, за што претходно ЗЕЛС во соработка со МФ ќе организира обуки за општинската администрација за процесот и постапката при задолжувањето.

### Konferenca ,,Sfidat në punën e Komisioneve për marrëdhënie midis bashkësive"

Më 10 dhjetor, 2010, në Shkup, BNJVL organizon Konferencë me temë „Sfidat në punën e Komisionit për marrëdhënie midis bashkësive". Konferenca i është dedikuar Kryetarëve të komunave, Kryetarëve të Këshillave, Kryetarëve të Komisioneve dhe anëtarëve të tyre, por në konferencë janë ftuar edhe përfaqësuesit e Sekretariatit për implementimin e Marrëveshjes së Ohrit, Komitetit Parlamentar për marrëdhënie midis bashkësive, Ministrisë për vetëqeverisje lokale si dhe donatorët, OJQ dhe mediat.

Qëllimi i Konferencës është të paraqitet puna e deritanishme e Komisionit për marrëdhënie midis bashkësive, të identifikohen problemet me të cilat ballafaqohen Komisionet, sfidat në punë si dhe të gjitha palët e interesuara do t'i paraqesin përvojat e tyre me qëllim sigurimi të funksionimit të suksesshëm të komisioneve dhe plotësimin e qëllimeve.

## ПРЕТСТАВЕН БИЗНИС ПЛАНОТ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ ЗЕЛС ТРЕНИНГ ЦЕНТАР - ЗТЦ

На 19 ноември 2010 година, во салата на Британскиот културен центар, беше претставен бизнис планот за воспоставување на ЗЕЛС тренинг центар – ЗТЦ, подготвен од германско-дански експертски конзорциум, а поддржан од американското Светско учење ( World Learning). Презентацијата на ЗТЦ бизнисот планот се одвиваше во присуство на претставници на ЗЕЛС, раководните лица на СДЦ- Швајцарската агенција за развој и соработка во Македонија, Светско учење – Македонија и дел од експертскиот тим, а преку видео-конференциска врска беа вклучени Светско учење – Вашингтон во присуство на другиот дел од експертскиот конзорциум.

Во согласност со изработениот бизнис план, на кој му претходеше анализата на пазарот за обуки во Македонија направена преку процес од спроведени интервјуа и собирање податоци на терен, експертскиот тим во бизнис планот заклучи дека:

Постои огромна бизнис можност за воспоставување ЗЕЛС тренинг центар – ЗТЦ,

На Македонија ѝ се потребни организации кои можат да го решат проблемот на апсорпција во контекст на искористеност на ИПА фондовите, при што ЗЕЛС е во најдобра позиција да го развие овој дел во рамки на својата организација,

Не постои двоумење дека поставување на ЗЕЛС тренинг центар е разумна стратегија, во интерес на општините и на Македонија,

За продолжување во оваа насока не се потребни дополнителни софистицирани пресметки од веќе направените и преставените. Потребна е одлука за почеток и поддршка за развој на капацитетите на ЗЕЛС и

Останатото би се развило и подобрило во текот на имплементирањето и водењето на ЗЕЛС тренинг центарот.

Експертскиот конзорциум едногласно истакна дека итно треба да преземат активности за воспоставување на ЗЕЛС тренинг центар во согласност со изработениот бизнис план, меѓу другото и заради можноста за искористување на делот од ИПА фондовите, што е на располагање за 2011 година, а е од корист на општините и на ЗЕЛС.

Светско учење ( World Learning) е проект на УСАИД, кој години наназад континуирано соработува и го помага ЗЕЛС во различни полиња на дејствување.

## BIZNES PLANI I PARAQITUR PËR VENDOSJEN E BNJVL QENDRËS TRAJNUESE - BQT

Më 19 nëntor 2010, në sallën e Qendrës kulturore britanike, u paraqit biznes plani për vendosjen e BNJVL Qendrës trajnuese - BQT, i hartuar nga konzorciumi i ekpertëve gjermano-danez, dhe i përkrahur nga mësimi borëtor amerikan (World Learning). Prezantimi i BQT planit u zhvillua në pjesëmarrjen e përfaqësuesve të BNJVL-së, personat udhëheqës të SDC - Agjencioni Zvicëran për zhvillim dhe bashkëpunim në Maqedoni, mësimi botëror - Maqedoni dhe pjesë nga ekipi ekspertësh, dhe nëpërmjet video konferencës ishin kyqur mësimi botëror - Uashington në prani të pjesës tjetër nga konzorciumi i ekspertëve.

Konform biznes planit të hartuar, të cilit i paraprinte analiza e tregut për trajnime në Maqedoni e bërë nëpërmjet procesit nga intervistat e implementuara dhe grumbullimi i të dhënave në teren, ekipi i ekspertëve në biznes planin konkludoi se:

23 Ekziston mundësi e madhe biznesi për vendosjen e BNJVL Qendrës trajnuese - BQT,

24 Maqedonisë i janë të nevojshme organizata të cilat munden t'a zgjedhin problemin e apsorpcionit në kontekst të shfrytëzimit të IPA fondeve, me ç'rast BNJVL është në pozitë më të mirë për t'a zhvilluar këtë pjesë në kuadër të organizatës së saj,

25 Nuk ekziston dyshim se vendosja e BNJVL Qendrës trajnuese është strategji e qartë, në interes të komunave dhe të Maqedonisë,

26 Për vazhdimin në këtë drejtim nuk janë të nevojshme llogari të sofistikuara plotësuese nga tashmë ato të kryera dhe të paraqitura. I nevojshëm është vendim për fillimin dhe përkrahje për zhvillimin e kapaciteteve të BNJVL-së, dhe

27 Tjetra do të zhvillohej dhe do të përmirësohej në rrjedhat e implementimit dhe udhëheqjes së BNJVL Qendrës trajnuese.

Konsorciumi i ekspertëve unanimisht theksoi se urgjentisht duhet të ndërmerren aktivitete për vendosjen e BNJVL Qendrës trajnuese konform biznes planit të hartuar, ndër të tjera edhe për shkak të mundësisë për shfrytëzimin e pjesës nga IPA fondet, që janë në dispozicion për vitin 2011, dhe me dobi të komunave dhe të BNJVL-së.

Mësimi botëror (World Learning) është projekt i USAID-it, i cili vite më parë në vazhdimësi bashkëpunon në fusha të ndryshme veprimi.

## ЗЕЛС ГИ ПОДРЖУВА КОМЗ

ЗЕЛС на 10 декември, 2010 година ќе организира Конференција на тема „Предизвици во работата на Комисиите за односи меѓу заедниците" наменета за градоначалниците, претседателите на Советите, членовите на КОМЗ, а ќе бидат поканети и претставници од Парламентарниот комитет за односи меѓу заедниците, Секретаријатот за имплементација на Охридскиот рамковен договор, меѓународни организации присутни во земјава и НВО кои работат на полето на меѓуетнички односи. Целта на Конференцијата е да се претстави досегашната работа на Комисиите за односи меѓу заедниците, да се идентификуваат проблемите и предизвиците со кои се соочуваат тие и да се обезбеди натамошна институционална поддршка за нивно функционирање во исполнувањето на поставените цели. Овие активности на ЗЕЛС се во рамките на Програмата „Самостојност на ЗЕЛС и услуги (фаза 2)", финансиски поддржана од Швајцарската агенција за соработка и развој – СДЦ.

# ПОТРЕБА ОД ОСОВРЕМЕНУВАЊЕ НА ЗБРАТИМУВАЊЕТО НА ОПШТИНИТЕ

Советот на европски општини и региони (ЦЕМР) на 9 и 10 ноември 2010 година, во Келн, Германија, го одржа третиот по ред семинар за збратимување "Which twinning for which Europe", што беше фокусиран на можностите за збратимување на општините од земјите од централна и источна Европа. На семинарот, меѓу 70-те претставници, учество зеде и претставник од ЗЕЛС.

„Движењето на збратимување постои веќе 60 години и сега мора да се прилагоди на тековните промени и предизвици. Еден од клучните елементи за осовременување на збратимувањето е општините да соработуваат и да работат заедно со цел поадекватно решавање на предизвиците со кои се соочуваат " - истакна градоначалникот на Келн, Јурген Ротерс, кој ги поздрави учесниците на семинарот.

Првиот од трите овогодишни семинари, кој се одржа во Талин, Естонија, на 25 и 26 март 2010, година, се фокусираше на општините од земјите од Северна Европа, а вториот, одржан на Малта, на 17 и 18 јуни, беше наменет за општините од Јужна Европа. На овој семинар беше дискутирано за повеќе значајни прашања во однос на поттикнување на збратимувањето на општините од Источна и Централна Европа, при што беше истакнато дека „Europe for Citizens" треба повеќе да биде ориентирана на вреднување и оценување на резултатите, со цел проектите и иницијативите за збратимување да имаат долгорочен карактер.

Претставникот од ЗЕЛС говореше за проблемите со кои се соочуваат локалните власти во Република Македонија, особено за нискиот степен на финансиска независност, што делумно се рефлектира и во нискиот процент на воспоставени збратимувања со општините од европските земји. Притоа, беше истакната и заложбата што ЗЕЛС ја прави во насока на зајакнување и омасовување на овие активности на нејзините членки, обезбедувајќи поголем проток на информации за оваа програма (www.twinning.org.) Заклучоците од семинарот ќе бидат имплементирани во финалната Декларација на Конгресот за збратимување што ќе се одржи во Рибник, Полска, во септември 2011 година, во рамките на полското претседателство на ЕУ.



# NEVOJA NGA MODERNIZIMI I BINJAKËZIMIT TË KOMUNAVE

Këshilli i komunave dhe rajoneve evropiane (CEMR), më 9 dhe 10 nëntor 2010, në Keln, Gjermani, mbajti seminarin e tretë me rradhë për binjakëzim "Which twinning for which Europe", që u fokusua mbi mundësitë për binjakëzim të komunave nga vendet e Evropës Qëndrore dhe Lindore. Në seminar, midis 70 përfaqësuesve morri pjesë edhe përfaqësues i BNJVL-së.

,,Lëvizja e binjakëzimit ekziston tashmë 60 vite dhe tani duhet t'i përshtatet ndryshimeve dhe sfidave rrjedhëse. Njëri ndër elementet kyçe për modernizimin e binjakëzimit është që komunat të bashkëpunojnë dhe të punojnë së bashku me qëllim të zgjidhjes më adekuate të sfidave me të cilat ballafaqohen"- theksoi kryetari i Kelnit, Jurgen Roters, i cili i përshëndeti pjesëmarrësit në seminar.

Njëri ndër tre seminaret e këtij viti, i cili u mbajt në Talin, Estoni, më 25 dhe 26 mars, 2010, i'u fokusua komunave nga vendet e Evropës Veriore, ndërsa i dyti që u mbajt në Maltë, më 17 dhe 18 qershor, i'u dedikua komunave të Evropës Jugore. Në këtë seminar u diskutua për shumë çështje të rëndësishme lidhur me nxitjen e binjakëzimit të komunave nga Evropa Qëndrore dhe Lindore, me ç'rast u theksua se "Europe for Citizens" duhet që më tepër t'i orientohet edhe vlerësimit të rezultateve me qëllim që projektet dhe iniciativat për binjakëzim të kenë karakter afatgjatë.

Përfaqësuesi i BNJVL-së diskutoi mbi problemet me të cilat ballafaqohen pushtetet lokale në Republikën e Maqedonisë, veçanërisht për shkallën e ulët të pavarësisë financiare që pjesërisht reflektohet edhe në përqindjen e ulët të binjakëzimeve të vendosura të komunave nga vendet e Evropës. Me ç'rast u theksua edhe përpjekja që BNJVL e bën në drejtim të përforcimit të këtyre aktiviteteve të anëtareve të saja, duke siguruar rrjedhë të madhe të informacioneve për këtë program ( www.twinning.org). Konkluzionet nga seminari do të implementohen në Deklaratën përfundimtare në Kongresin për binjakëzim, që do të mbahet në Ribnik, Poloni, në shtator 2011, në kuadër të Presidencës së Polonisë të BE-së.

# BNJVL I PËRKRAH KMMB

BNJVL më 10 dhjetor, 2010, do të organizojë Konferencë me temë ,,Sfidat në punën e Komisioneve për marrëdhënie midis bashkësive" e dedikuar për kryetarët e komunave, kryetarët e Këshillave, anëtarët e KMMB, ndërsa do të ftohen edhe përfaqësues nga Komiteti parlamentar për marrëdhënie midis bashkësive, Sekretariati për implementimin e Marrëveshjes Kornizë të Ohrit, organizata ndërkombëtare të pranishme në vendin tonë dhe OJQ të cilat punojnë në fushën e marrëdhënieve ndëretnike. Qëllimi i Konferencës është të paraqitet puna e deritanishme e Komisionit për marrëdhënie midis bashkësive, të identifikohen problemet dhe sfidat me të cilat ballafaqohen ato dhe të sigurohet përkrahje institucionale e mëtejshme për funksionimin e tyre në plotëimin e qëllimeve të vendosura. Këto aktivitete të BNJVL-së janë në kuadër të programit ,,Pavarësia dhe shërbimet e BNJVL-së (faza 2)" me përkrahje financiare nga Agjensioni Zvicërran për bashkëpunim dhe zhvillim - SDC.

# ЗТЦ ГО ФИНАЛИЗИРАШЕ ВТОРИОТ ЦИКЛУС ОД ПОСЕТИТЕ НА ОПШТИНИТЕ

И во месец ноември, ЗЕЛС тренинг центарот ги продолжи планираните посети на членките на ЗЕЛС, меѓу кои беа и оние на општините Штип, Пробиштип, Кратово, Брвеница, Студеничани, Битола, Прилеп, Дебар и други. Од разговорите што претставниците на ЗЕЛС ги водеа со градоначалниците и општинската администрација беа забележани низа предизвици со кои се соочуваат локалната власт, но и потребата од континуирано надградување на вработените за адекватно извршување на надлежностите.

Поголеми финансиски средства особено на руралните и помали општини што ќе им овозможи финансиска стабилност и подобра екипираност за доследно одговарање на потребите на граѓаните, земјоделското земјиште да им се отстапи на општините, по примерот на градежното земјиште, потоа поддршка од Владата за отпишување на долгови, особено за општините кои уште не се влезени во втората фаза на децентрализација, се позначајните проблеми и предлози што ги истакнаа помалите и рурални општини. Општините со центри во градовите ја искажаа својата подготвеност за преземање на новите надлежности ( во согласност со Закон за градежно земјиште и Закон за легализација на диградби), истакнувајќи ја потребата од адекватни обуки за исполнување на новите обврски. Притоа, општините изразија доверба ЗЕЛС да ја преземе координативната функција при организирање на обуките со цел да нема преклопувања и повторувања на истите теми кои се нудат од различни организатори.

Во текот на месец декември ќе бидат закажани и реализирани преостанатите посети на општините од скопскиот регион, а потоа ЗТЦ ќе изработи финален извештај што ќе претставува основа за дел од неговите натамошни активности.



# ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР ГИ ИЗНЕСЕ СВОИТЕ ПРОБЛЕМИ ПРЕД МЕДИУМИТЕ

„ Заради големите финансиски долгови, Општината Демир Хисар подолг период е со блокирана сметка. Потребно е да се направи поголема и подлабока анализа за можните последиците од ваквата состојба. Граѓаните се загрижени за натамошниот опстанок на општината, изворните приходи се ограничени и незначителни за да можат во краток период да ги алиментираат сите побарувања, а Владата да посвети поголемо внимание на рамномерниот развој. Успеавме да издејствуваме редовна исплата на платите за вработените, но огромни се потребите од дополнителни финансиски средства за финансирање на другите функции на локалната самоуправа кои што најчесто ги плаќа градоначалникот од приватен џеб. Последниве 10 – 15 години, само 5 – 6 високи владини функционери нашле интерес да ја посетат општината, нашите комуникации со институциите се целосно прекинати, некои дури и не знаат каде се наоѓа Демир Хисар."

Ова се дел од забелешките на раководителите во локалната администрација на средбата со претставници на Тренинг центарот на ЗЕЛС, кои по посетата, овие свои долгогодишни проблеми им ги соопштија на медиумите и пошироката јавност.

# ЗЕЛС И ОПШТИНИТЕ СО НИЗА АКТИВНОСТИ ЗА ЗАЗЕЛЕНУВАЊЕ НА СВОЈАТА ТАТКОВИНА

Во дворот на административната зграда на ЗЕЛС, на 25 ноември 2010 година беа засадени 15 дрвца, што ги обезбеди градоначалникот на Град Скопје и претседател на ЗЕЛС, Коце Трајановски. Оваа иницијатива на претседателот на ЗЕЛС, симболично се вклопи во рамките на акцијата на Градот Скопје за обновување на дрворедите и булеварите, магистралните улици и парковите. Петнаесетте дрвца ќе го облагородат просторот околу зградата, но истовремено ќе придонесат и за поубав визуелен изглед на населбата ( Тафталице 2) каде таа е лоцирана и за поквалитетен воздух во урбаните средини.

Акцијата на Градот Скопје започна на 25 ноември 2010 година во општина Центар, а со неа ќе бидат опфатени сите 10 скопски општини.

Во месец ноември, општините се вклучија и земаа активно учество во акцијата „Ден на дрвото-засади ја својата иднина" со што на бројни локации беа засадени нови стебла. Голем број општини во текот на годината преземаат и самоиницијативно поголем број на активности за разубавување на градските средини со засадување на зимзелени и листопадни дрвца на улиците, парковите, градските центри, училиштата и други установи.



# BQT E FINALIZOI CIKLIN E DYTË NGA VIZITAT NË KOMUNA

Edhe në muajin nëntor, BNJVL qendra trajnuese i vazhdoi vizitat e planifikuara të anëtarëve të BNJVL-së, ndër të cilat ishin edhe ato të komunave Shtip, Probishtip, Kratovë, Bërvenicë, Studeniçanë, Manastir, Prilep, Dibër etj. Nga bisedat që përfaqësuesit e BNJVL-së i udhëheqën me kryetarët dhe administratën komunale ishin vërejtur shumë sfida me të cilat ballafaqohen pushtetet lokale, por edhe me nevojën nga mbindërtimi i vazhdueshëm i të punësuarve për ekzekutimin e kompetencave.



Mjete më të mëdha financiare veçanërisht në komunat rurale dhe në ato më të vogla që do t'ju mundëson stabilitet financiar edhe ekipim më të madh për përgjigje konsekutente për nevojat e qytetarëve, toka bujqësore t'u jepet komunave, sipas shembullit të tokës ndërtimore, pastaj përkrahja nga Qeveria për shlyerjen e borxheve, veçanërisht për komunat që akoma nuk kanë hyrë në fazën e dytë të decentralizimit, janë problemet më të rëndësishme dhe propozime që i theksuan komunat më të vogla dhe atë rurale. Komunat me qendrat në qytetet e theksuan përgatitjen e tyre për ndërmarrjen e kompetencave të reja (konform Ligjit për tokë ndërtimore dhe Ligjit për legalizim të ndërtimeve të egra) duke theksuar nevojën nga trajnime adekuate për plotësimin e detyrimeve të tyre. Më pas komunat shprehën besim që BNJVL t'a ndërmerr funksionin koordinativ gjatë organizimit të trajnimeve me qëllim të mos ketë përsëritje dhe ngjashmëri në temat e njejta që ofrohen nga organizatorë të ndryshëm.

Në rrjedhat e muajit dhjetor do të jenë të caktuara edhe vizitat tjera në komuna nga rajoni i Shkupit, dhe më pas BQT do të harton raport final që do të paraqet bazë për pjesë nga aktivitetet e tyre të mëtutjeshme.

# BNJVL DHE KOMUNAT ME NJË SËRË AKTIVITETESH PËR GJELBËRIMIN E ATDHEUT

Në oborrin e ndërtesës administrative të BNJVL-së, më 25 nëntor 2010 u t mbollën 15 fidane, të cilat i siguroi Kryetari i Qytetit të Shkupit dhe Kryetar i BNJVL-së Koce Trajanovski. Kjo iniciativë e kryetarit të BNJVL-së simbolikisht u përshtat në kuadër të aksionit të Qytetit të Shkupit për rinovimin e bulevardeve, rrugëve magjistrale dhe parqeve. Pesëmbëdhjetë drunjë do t'a denjojnë hapësirën rreth objektit, por njëkohësisht do të kontribuojë për një pamje më të mirë vizuale të lagjes (Taftalixhe 2) ku është i locuar dhe me kualitet më të mirë të ajrit në zonat urbane.



Aksioni i Qytetit të Shkupit ka filluar më 25 nëntor, 2010 në komunën Qendër, ndërsa me të do të përfshihen të gjitha 10 komunat e Shkupit.

Në nëntor, komunat u përfshijnë dhe morrën pjesë aktive në aksionin, Dita e druritmbjelle ardhmërinë tënde ", me ç'rast në shumë lokalcioneu mbollën fidane të reja. Shumë komuna gjatë vitit me vet- iniciativë ndërmarrin shumë aktivitete për zbukurimin e mjediseve të qytetit me mbjelljen e drunjëve gjethrrënës dhe gjethmbajtës në rrugët, parqet, qendrat e qyteteve, shkollat dhe institucionet e tjera.

# KOMUNA E DEMIR HISARIT I PARAQITI PROBLEMET E SAJA PARA MEDIAVE

Për shkak të borxheve të mëdha financiare, komuna e Demir Hisarit në një periudhë të gjatë është me llogari të bllokuar. Është e nevojshme të kryhet analizë më e madhe dhe më e thellë lidhur pasojat e mundshme nga kjo gjendje, qytetarët janë të shqetësuar lidhur me mbijetesën e mëtejme të komunës, të ardhurat burimore janë të kufizuara dhe të parëndësishme që të mund në periudhë të shkurtër t'i alimentojnë të gjitha kërkesat, ndërsa Qeveria t'i kushtojë vëmendje më të madhe zhvillimit rajonal. Arritëm të sigurojmë pagesë të rregullt të rrogave për të punësuarit, por tejet të mëdha janë nevojat nga mjetet plotësuese financiare për financimin e funksioneve tjera të vetëqeverisjes lokale të cilat më shpesh i paguan kryetari i komunës prej xhepit të tij personal. Në 10-15 vitet e fundit, vetëm 5-6 funksionarë të qeverisë janë interesuar t'a vizitojnë komunën, komunikimet tona me institucionet janë ndërprerë tërësisht, disa të tjerë as nuk e dijnë ku ndodhet Demir Hisari.

Këto janë pjesë e vërejtjeve të udhëheqësve në administratën lokale në takimin me përfaqësuesit e Qendrës së trajnimeve të BNJVL-së, të cilët pas vizitës, këto problem shumëvjeçare u'a kumtuan mediave dhe publikut më të gjërë.

# ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ ПРЕКУ ЗАШТИТА НА АРХИТЕКТОНСКОТО НАСЛЕДСТВО



На 25 и 26 ноември 2010 година, во Скопје, во просториите на Мала станица се одржаа петтите по ред европски и меѓумрежни средби на тема „Заштита и привлечност на старите градски центри", во организација на Француската национална асоцијација на градови со историја и уметност, Министерството за култура на Република Македонија, Градот Скопје и Асоцијацијата на градови од Македонија со архитектонско наследство.

Конференцијата им овозможи на присутните претставници на градовите од Македонија, Франција, Шпанија, Романија, Хрватска, Албанија, Бугарија и Косово како и претставници на Советот на Европа да разменат искуства и практики на планот на заштитата на архитектонското наследство како еден од најзначајните столбови на одржливиот развој на општините. Во рамките на средбите се одржаа повеќе тркалезни маси посветени на тековните состојби во заштитата на архитектонското наследство на Балканот и во земјите- членки на Европската унија. Учесниците ги разгледаа можностите за развој на старите градски центри, како и потребите на планот на градењето на капацитетите во локалната самоуправа и сензибилизацијата на граѓаните за нивното културно наследство. Примерите на инвентаризација на старата скопска чаршија и староградскиот центар на Битола, функционалниот систем на заштита кој се применува во Бајон, Ангулем и други градови во Франција предизвикаа интерес, особено кај присутните претставници од општините од Македонија. Во контекст на актуелните состојби, беше констатирано дека во Македонија и во други земји на Балканот не постои систем на субвенции и општините не се во можност да ги преземат сите неопходни мерки. Неопходен е интегриран пристап кон заштитата на архитектонското наследство во соработка со надлежните институции, кое треба да се стави во функција на културата и промоцијата на општините. Средбите беа збогатени со корисни информации од Секретаријатот за европски прашања околу ИПА и останатите програми на Европската унија во кои можат да се аплицираат меѓународни проекти за заштита на архитектонското наследство. Во периодот што следи, со поддршка на Францускaта национална асоцијација на градови со историја и уметност поголем број македонски општини ќе се вклучат во процесот на инвентаризација на архитектонското наследство и преку изработка на детални урбанистички планови ќе придонесат за заштита и функционалност на македонското архитектонско богатство.

# ZHVILLIM I QËNDRUESHËM PËRMES MBROJTJES SË TRASHËGIMISË ARKITEKTURORE

Më 25 dhe 26 nëntor, 2010, në Shkup, në hapësirat e „Malla stanica" u mbajtën takimet ndërrjetore evropiane, të pestat me rradhë me temë „Mbrojtje dhe tërheqje e qendrave të vjetra qytetare", me organizim të Asociacionit Nacional Françez të qyteteve me histori dhe art, Ministrisë për kulturë të Republikës së Maqedonisë, Qytetit të Shkupit dhe Asociacionit të qyteteve nga Maqedonia me trashëgimi arkitekturore.

Konferenca u mundësoi të përfaqësuesve të pranishëm të qyteteve nga Maqedonia, Franca, Spanja, Romania, Kroacia, Shqipëria, Bullgaria dhe Kosova si dhe përfaqësues të Këshillit të Evropës të shkëmbejnë përvoja dhe praktika për planin e mbrojtjes së trashëgimisë arkitetekturore si njëra ndër shtyllat më të rëndësishme për zhvillim të qëndrueshëm të komunave. Në kuadër të takimeve u mbajtën shumë tryeza të rrumbullakëta të dedikuara gjendjeve rrjedhëse në mbrojtjen e trashëgimisë arkitekturore të Ballkanit dhe në vendet tjera anëtare të Bashkimit Evropian. Pjesëmarrësit i shqyrtuan mundësitë për zhvillim të qendrave të vjetra të qytetit si dhe nevojën e planit për ndërtim të kapaciteteve në vetëqeverisjen lokale dhe senzibilizimi i qytetarëve për trashëgiminë kulturore. Shembujt e inventarizimit të Çarshisë së Vjetër të Shkupit dhe qendra e vjetër qytetare në Manastir, sistemi funksional i mbrojtjes i cili zbatohet në Bajon, Angulem dhe qytete tjera të Francës, shkaktuan interesim veçanërisht te përfaqësuesit e pranishëm nga komunat e Maqedonisë. Në kontekst të gjendjeve aktuale u konstatua se në Maqedoni dhe vende tjera të Ballkanit nuk ekziston sistem i subvencioneve dhe se komunat nuk janë në gjendje t'i ndërmarrin të gjitha masat e nevojshme. E domosdoshme është qasja e integruar ndaj mbrojtjes së trashëgimisë arkitekturore në bashkëpunim me institucionet kompetente që duhet të vihen në funksion të kulturës dhe promovimit të komunave. Takimet u pasuruan me informacione të dobishme nga Sekretariati për çështje evropiane rreth programeve IPA dhe programeve tjera të Bashkimit Evropian. Në të cilat mund të aplikojnë projekte ndërkombëtare për mbrojtjen e trashëgimisë arkitekturore. Në periudhën e ardhshme, me përkrahjen e Asociacionit Nacional Françez të qyteteve me histori dhe art, një numër i madh i komunave të Maqedonisë do të përfshihen në procesin e inventarizimit të trashëgimisë arkitekturore dhe përmes hartimit të planeve urbanistike detajuese do të kontribuojnë për mbrojtje dhe funksionim të pasurisë arkitekturore të Maqedonisë.










ЗЕЛС
BNJVL








Не оставајте ја вратата од балконот или прозорецот долго отворена кога греалката работи. Едноставно, проветрувајте многу кратко со ширум отворена врата или прозорец, на тој начин ќе ја загреете собата, а вашата сметка ќе остане ладна!
**EVN Македонија, секогаш тука за вас.**

Повеќе совети на **www.evn.mk** или на **0890 12345**

EVN
macedonia


# ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ЗЕЛС

тел. +389 (0)2 30 99 033 / факс: +389 (0)2 30 61 994
ул. Женевска 66, п.фах 32, 1000 Скопје, Република Македонија
www.zels.org.mk . contact@zels.org.mk

# BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË - BNJVL

tel. +389 (0)2 30 99 033 / fax: +389 (0)2 30 61 994
rruga. Zhenevska p.n., F.P. 32, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë
contact@zels.org.mk , www.zels.org.mk